Нашиот јубилеј

# ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ ОД ИЗЛЕГУВАЊЕТО НА ПРВИОТ БРОЈ НА СПИСАНИЕТО „ИСТОРИЈА“ (1965-2005)

Откако беше формирано нашето „Историско друштво на Народна Република Македонија“ (како што тогаш беше регистриран и именуван нашиот Сојуз на историчарите на Република Македонија), во далечната 1952 година, требаше да изминат тринаесет години за да се исполни договореното и толку потребното објавување на списанието Историја, орган на нашиот Сојуз. Првиот број на списанието „Историја“ како печатен орган на Сојузот на историските друштва на Социјалистичка Република Македонија, излезе од печат пред 40 години. Првата редакција што го подготви и објави тој број ја сочинуваа Д-р Христо Андонов-Полјански, главен и одговорен уредник, и членовите Иван Катарџиев, Војо Кушевски, Трпко Панговски и Славка Фиданова.

Целта на нашето списание беше и остана, презентирање на достигнувањата и резултатите на историската наука, пред научната и пошироката општествена јавност во нашата држава и пошироко, како и разгледување и разработување на актуелни теми и прашања поврзани со наставата по историја од основното до универзитетско образование на нашата младина. Во исполнувањето на таа своја основна научно-образовна и хумана цел на нашето списание се приклучија и бројни научни и просветни работници од земјата и од странство и не само од историската наука туку и од областа на философијата, археологијата, историјата на уметноста, социологијата, правото, педагогијата и др.

Во изминатите 40 години, на страниците на нашето списание се појавија повеќе од седумстотини автори од речиси сите области на општествените науки и образование.

Сојузот и редакцијата на нашето списание се надеваат дека Министерството за наука и образование на Република Македонија и натаму материјално ќе го помага печтењето како што го правеше тоа и досега. Се надеваме дека нашите напори што ги правиме во правец за збогатување на содржината на „Историја“ со текстови на научни работници и универзитетски професори од странство, ќе вродат со плод и ангажман на Министерството за култура на Република Македонија.

Нашето списание и во иднина ќе опстојува на неговата ориентација да биде гласило на сите историчари во Република Македонија. На негови-

те страници ќе се објавуваат нови научни сознанија и педагошко-методски прилози од новата европска ориентација кои ќе придонесуваат за што пообјективно осознавање за минатото на македонскиот народ, граѓаните на Република Македонија, соседните држави и пошироко, историјата на Европа и светот. Сето тоа во контекст на демократските граѓански сфаќања и промени во општеството во последните 15 години и нашата определба за севкупно интегрирање на нашата држава во сите општествени пори на живеење во европската меѓународна заедница на рамноправни народи и држави.